**20230971826**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 25 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година.

Член 2

Во рамки на програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2023 година влегуваат и акредитираните програми од септември 2022 година.

Член 3

Обуките за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука:

I. ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

**Акредитирани програми за обука**
**(септември 2022 – септември 2025 година)**

**1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**
**1.1 Знаења за воспитно-образовниот систем**
- Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење,
- Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците,
- Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта,
- Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште и
- Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште.

**2. Поучување и учење**
**2.1 Планирање и подготовка на наставата**
- Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост.

**2.2 Реализација на наставата**
- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата,
- Настава базирана на проблемски пристап,
- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми,
- Настава за развивање критичко мислење кај учениците и
- Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво.

**2.3 Оценување на учениците**

- Дизајнирање објективни тестови на знаење.

**2.4 Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби**

- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.).

**3. Создавање стимулативна средина за учење**

**3.1 Создавање безбедна и стимулативна средина за учење**

- Справување со врсничкото насилство и кибернасилство и
- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците.

**3.2 Училишна клима**

- Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница.

**4. Социјална и образовна инклузија**

- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици.

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.).

Теми за обуки за основните училишта:

- Пристапи насочени кон учениците за развивање на трансферзални компетенции (критичко размислување претприемништво, креативност и граѓански активизам).
- Дигитално образование – осовременување на процесот на образованието за поттикнување креативност и иновации кај учениците за нивно активно учество во воспитно-образовниот процес.
- Вештини, знаења и техники за превенција и намалување на насилно и дискриминирачко однесување во училишната средина.
- Техники за читање со разбирање како клучна вештина за самостојно учење,
- Функционални знаења кај учениците – создавање асоцијации и надоградување на знаењата кај учениците,
- Стратегии и начини на справување со различно поведение на учениците во училница и училиште (доцнење на час; емоционално и несоодветно однесување - причини и решенија),
- Следење, оценување и охрабрување на напредокот на ученикот и
- Развој на внатрешна мотивација кај учениците - како наставниците да ги поттикнат учениците да ги ценат сопствените постигнувања; како да се охрабрат незаинтересираните и немотивираните ученици да го променат негативниот став за сопствените способности и вештини.

II. СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**

**1.1 Знаења за воспитно-образовниот систем**

- Современи образовни тенденции - зајакнување на знаењата на наставниците за општите принципи на системот за воспитание и образование.

**2. Поучување и учење**

**2.1 Планирање и подготовка на наставата**

- Планирање на час со примена на електронски дидактички материјали во наставата и користење информатичко-компјутерска технологија и
- Методи и техники за индивидуализиран пристап во планирање на часот (избор на методи на работа соодветни на возраста, потребите, интересите, различните предзнаења и стиловите на учење на учениците).

**2.2 Реализација на наставата**

- Читање со разбирање, развивање критичко мислење кај учениците и постигнување резултати од учење од повисоко ниво и
- Стратегии, методи и техники на работа во инклузивна училница и градење инклузивно училиште.

**2.3 Оценување на учениците**

- Следење, оценување и охрабрување на напредокот на ученикот и
- Унапредување на процесот на оценување во стручното образование, воспоставување јасни, воедначени и транспарентни критериуми за оценување.

**2.4 Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби**

- Улогата на наставникот во процес на насочување и советување на ученикот во планирање и развој на трансверзални вештини важни за животот и кариерата и
- Пубертет и адолесценција - психологија на адолесцентот (препознавање на потребите и емоциите).

**3. Создавање стимулативна средина за учење**

**3.1 Создавање безбедна и стимулативна средина за учење**

- Начини на превенција и справување со насилството во училиштата и
- Креирање стимулативна средина за реализација на креативна настава.

**3.2 Училишна клима**

- Тимска работа во училиште и училница и
- Поддршка на ученици што потешко напредуваат (врсничко туторство, менторство, дополнителна настава).

**4. Социјална и образовна инклузија**

- Практичен пристап во работата со ученици со посебни образовни потреби (аутизам и АДХД) и
- Подобрување на наставните вештини важни за унапредување на надарените ученици, стекнување знаење за специфичните образовни потреби на надарените ученици, како и за методите и формите на воспитно-образовна работа со надарените ученици.

**5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата**

- Ефективна комуникација и соработка со родителите и локалните заедници, општините, асоцијацијата на работодавачи и поединечни работодавачи, граѓански организации/активисти и други социјални партнери и
- Форми, области и начини на соработка со бизнис-заедницата во средното стручно образование.

**6. Професионален развој и професионална соработка**

- Планирање на личен план за професионален развој на наставниот кадар.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-4902/1 | Министер |
| 28 април 2023 година | за образование и наука, |
| Скопје | Доц. д-р **Jeton Shaqiri,** с.р. |